**Влада на Република Македонија**
Секретаријат за законодавство

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Примено: 30.01.2015
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 09 | 217/1 | | |

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______
______ 20 __ год.
Потпис: ______

ДО ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Овластен државен ревизор
Г-ѓа Љубица Тошевска

Влада на Република Македонија
Секретаријат за законодавство
Бр. сл. 03-79/2
29. 01. 2015.2015 год.
Св.Кирил и Методиј бр.54
1000 Скопје,
Република Македонија
тел./факс (02) 3228 203
е-пошта: info@sz.gov.mk
сајт: www.sz.gov.mk

Предмет: Забелешки на Нацрт извештај
Врска: Ваш број 09-276/4 од 29.12.2014 година

Почитувана г-ѓа Тошевска,

Согласно член 30 став 2 од Законот за државната ревизија ("Службен весник на РМ" број 66/10, 145/10, 12/14 и 43/14), Ви ги доставуваме следните забелешки на Нацрт извештајот (наш бр. 03-79/1 од 05.01.2015 година):

-Ревизорски наод број 1. "Правна рамка и стратешки документи":
-"Поради отсуство на стратегија за управување со ризици, како и стратешки и годишен план на Секретаријатот, во текот на ревизијата донесено е Решение за изработка на истите, со чие донесување и имплементација, ризикот за појава на отстапувања во спроведување на целокупните активности и остварувањето на планираните цели, ќе се сведе на минимално ниво. "

-Ревизорски наод број 2.1.1. "Контролна средина":
-"Најголем дел од планираните активности во Планот се завршени, а предвидено е да се изготви и Регистар на ризици и Стратегија за управување со ризици, но до периодот на вршење на ревизијата истите не се донесени, поради усогласување со барањата на системот за управување со квалитет кој го воведува Секретаријатот за законодавство во 2014 година."

-Ревизорски наод број 2.1.2. "Управување со ризици":
-"Секретаријатот нема воспоставено пракса на изготвување на стратешки и годишни планови, во насока на утврдување на мисијата, задачите, идните планови, приоритетите и целите на Секретаријатот, како и давање на осврт на постигнатите резултати во однос на планираните активности, преку годишниот извештај за работа на Секретаријатот".

Забелешки по наодите: 1. "Правна рамка и стратешки документи"; 2.1.1. "Контролна средина"и 2.1.2. и "Управување со ризици":

-Секретарот донесе Стратешки план за периодот 2015-2017 година бр. 01-826/1 од 27.01.2015 година (Прилог 1), Годишна програма за 2015 година бр. 01-826/2 од 27.01.2015 година (Прилог 2 ), Стратегија за управување со ризици бр. 01-826/3 од 27.01.2015 година (Прилог 3) и со Решение за давање овластување за координирање на воспоставувањето на процесот за управување со ризици во Секретаријатот за законодавство бр. 01-826/4 од 27.01.2015 година назначи координатор за ризици (Прилог 4). Координаторот за ризици ги изработи Образецот за утврдување и проценка на ризиците (Прилог 5) и Регистарот на ризици (Прилог 6).

Ревизорски наод број 2.1.3. "Контроли":

-"Нема потврда за извршена контрола на фактурите, од страна на ликвидаторот од одделението за сметководство во СОЗР, кое од страна на секретарот, е назначен како овластено лице за ликвидирање на документацијата во Секретаријатот."

-"Во процедурите не е дефиниран начинот за спроведување на ex-post финансиската контрола. Во Секретаријатот, ex-post контролата, која подразбира контрола на финансиската документација по завршување на плаќањето, се врши од истото лице кое ја врши ex-ante контролата (раководителот на ОФП), а извршената контрола не е верифицирана со потпис".

-"Не се преземени активности за осигурување на градежниот објект и опремата на Секретаријатот, освен за службеното возило".

Забелешки по наод 2.1.3.: "Контроли":

-Наодот треба да гласи "Нема потврда за извршена контрола на фактурите, од страна на ликвидаторот од одделението за сметководство во СОЗР, кое од страна на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, е назначен со Решение бр. 05-513/2 од 07.2.2013 година како овластено лице за ликвидирање на документацијата во Секретаријатот". Имено, Секретаријатот поднесе ново Барање за определување на лице за уредно ликвидирање на документација – ликвидатор за Секретаријатот за законодавство бр. 05-436/1 од 15.01.2015 година до директорот на Службата за општи и заеднички работи, поради заминување на претходно назначеното лице за

ликвидатор во пензија, со посебно укажување од ревизорскиот извештај како да работи ликвидаторот (Прилог 7). Од страна на директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија е доставен примерок од Решението за назначување со овластување на лице за уредно ликвидирање на документација – ликвидатор во Секретаријатот за законодавство бр. 05-361/2 од 26.01.2015 година (Прилог 8).

-Секретаријатот поднесе Барање на мислење и работна средба бр. 05-605/1 од 21.01.2015 година до Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола во рамките на Министерството за финансии во однос на начинот на спроведување на ex-post контролата (Прилог 9).

-Секретарот донесе Решение за назначување на одговорно лице за набавка на полиса за осигурување на работните простории и опремата во Секретаријатот за законодавство бр. 03-656/1 од 22.01.2015 година (Прилог 10). Во врска со тоа започнати се активности на истражување на пазарот за висината на премиите и видот на ризици кои се покриваат од страна на осигурителните компании.

Ревизорски наод број 2.2.1.: "Системот на интерни контроли во процесот на спроведување на набавките":
"За една постапка спроведена со барање за прибирање на понуди, досието од спроведената постапка не ги содржи документите за докажување на личната, економската и финансиската состојба на избраниот понудувач".

Забелешки по наод 2.2.1.: "Системот на интерни контроли во процесот на спроведување на набавките":
-Претседателот на комисијата за јавна набавка за наведената постапка до избраниот економски оператор испрати Барање за издавање на потврда за доставени документи бр. 03-456/1 од 15.01.2015 година (Прилог 11).
-Од страна на избраниот економски оператор е доставен Одговор по барањето бр. 03-456/1 од 15.01.2015 година дека учеството во постапката е во согласност со барањата во тендерската документација за наведената постапка (Прилог 12).

Ревизорски наод број 2.2.3.: "Инвентарисување на средствата и обврските":
"Пописот на средствата и обврските на Секретаријатот за законодавство не е извршен на начин предвиден во Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и

Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, односно од страна на пописната комисија:
-извршен е попис и изготвена е пописна листа само за ново набавената опрема, односно со пописот не се опфатени материјалните и нематеријалните средства набавени пред 2013 година, паричните средства во денарската и девизната благајна и на сметката, како и побарувањата и обврските, поради што е оневозможено усогласување на сметководствената со фактичката состојба за наведените средства и извори на средства;
-пописната комисија нема извршено попис на градежниот објект за кој Секретаријатот за законодавство располага со имотен лист во кој е утврдено корисничкото право за истиот, но не е сметководствено евидентиран и нема дадено предлози за преземање мерки во насока на усогласување на сметководствената со фактичката состојба на градежните објекти;
-во јануари 2014 година поради промена на задолженото лице за библиотеката на Секретаријатот, извршено е примопредавање на книгите – стручна литература, по извршен попис од страна на посебна пописна комисија. Констатирана е фактичка состојба на книгите во однос на библиотечната инвентарна книга. Заради усогласување на утврдените разлики и утврдување на причините за истите, во тек е постапка за утврдување на фактичкиот број на книги во библиотеката, како и нивно целосно инвентарисување. По завршување на наведените активности, потребно е да се изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба на книгите."

Забелешки по наод 2.2.3.: "Инвентарисување на средствата и обврските":
-Пописот на средствата и обврските на Секретаријатот за законодавство за 2014 година е извршен на начин предвиден во Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Од страна на комисијата за попис формирана со Решение бр. 03-8850/1 од 22.12.2014 година (Прилог 13) беа користени пописни листи во хартиена форма. На секоја пописна листа одделно се назначуваше бројот на канцеларијата или називот на просторијата во Секретаријатот за законодавство. На пописните листи во хартиена форма, комисијата ја запишуваше фактичката и количинската состојба на материјалните вредности во сите простории во Секретаријатот за законодавство. Комисијата за попис пристапи кон внесување на стварната и сметководствено материјалната состојба на средствата во Пописната листа со

користење на excel табела. Сите основни средства кои беа впишани во пописните листи во хартиена форма беа пренесени и во табеларниот преглед количински, но и вредносно врз основа на податоците од Листингот на основни средства добиен од сметководството во рамки на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија и фактурите за набавените средства во текот на 2014 година. На ден 16.01.2015 година комисија за попис врз основа на посета на сметководството во рамки на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија изврши попис на побарувањата и обврските заклучно 31.12.2014 година и состојбата на паричните средства на отворената сметка во рамки на трезорската сметка, а на ден 28.01.2015 година изврши попис и на денарската и девизната благајна.

-Комисијата за попис во посебна листа го пописа и градежниот објект, односно површините кои му се дадени на користење на Секретаријатот за законодавство врз основа на Одлука за давање на користење на недвижна ствар ("Службен весник на Република Македонија" бр. 108/08, 3/09 и 151/11), како и Имотниот лист број 53637. Секретаријатот за законодавство поднесе барање до Бирото за судски вештачења за процена на вредноста на недвижниот имот број 03-570/1 од 20.01.2015 година (Прилог 14).

-Комисијата за попис изврши и попис на библиотеката во рамките на Секретаријатот за законодавство. За таа цел комисијата за попис изработи посебна пописна листа на книги. Фактичката состојба на ден 26.12.2014 година на книги во библиотеката изнесува 1609 книги. Од страна на членовите на комисијата за попис беа изброени 1602 книги, а за 7 книги беа приложени докази дека се издадени на вработените во Секретаријатот за законодавство. Вкупно се утврдени 1609 книги, што одговара на евиденцијата на лицето задолжено за водење на библиотеката. Сите книги наведени во сметководствената евиденција се најдени во библиотеката и кај лицата кои се задолжени за нив, но комисијата за попис утврди дека одреден број на книги не се сметководствено евидентирани и истите е потребно да се внесат во сметководствената евиденција со нови инвентарни броеви. За книгите кои не се евидентирани во сметководствената евиденција постои соодветна документација, и тоа: Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријатот за законодавство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 130/13), Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.

67/13), Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријатот за законодавство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 171/13), Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријатот за законодавство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 16/14), Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријатот за законодавство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/14) и Одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Секретаријатот за законодавство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 21/14), со кои на Секретаријатот за законодавство му се даваат на трајно користење, но и повеќе записници за примопредавање на книгите. Потребно е согласно Листата на книги, наведените книги кои не се сметководствено евидентирани да се внесат во сметководствената евиденција.

Извештајот за извршениот попис за 2014 година и Решението за негово усвојување ќе Ви ги доставиме дополнително, имајќи ги во предвид законските рокови за негово завршување.

Препорака 4.: "Одговорното лице на Секретаријатот, во координација со внатрешниот ревизор да преземат мерки и активности за реализација на активностите на внатрешната ревизија."

Забелешка по препорака 4:
-Секретарот донесе Стратешки план за извршување на внатрешна ревизија за период од 2015 до 2017 година бр. 18-3829/2 од 28.11.2014 година (Прилог 15) и План за извршување на внатрешна ревизија за 2015 година бр. 18-3829/2 од 28.11.2014 година (Прилог 16). Врз таа основа секретарот достави и Барање за вршење ревизија бр. 05-410/1 од 15.01.2015 година до одделението за внатрешна ревизија во рамките на Министерството за правда (Прилог 17).

Со почит,

Секретар,

Лила Пејчиновска Миладиновска

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО СКОПЈЕ

**Влада на Република Македонија**
Секретаријат за законодавство

[redacted]

Прилози:

1. Стратешки план за периодот 2015-2017 година бр. 01-826/1 од 27.01.2015 година,
2. Годишна програма за 2015 година бр. 01-826/2 од 27.01.2015 година,
3. Стратегија за управување со ризици бр. 01-826/3 од 27.01.2015 година,
4. Решение за давање овластување за координирање на воспоставувањето на процесот за управување со ризици во Секретаријатот за законодавство бр. 01-826/4 од 27.01.2015 година,
5. Образец за утврдување и проценка на ризици,
6. Регистар на ризици,
7. Барање за определување на лице за уредно ликвидирање на документација – ликвидатор за Секретаријатот за законодавство бр. 05-436/1 од 15.01.2015 година,
8. Решение за назначување со овластување на лице за уредно ликвидирање на документација – ликвидатор во Секретаријатот за законодавство бр.05-361/2 од 26.01.2015 година,
9. Барање на мислење и работна средба бр. 05-605/1 од 21.01.2015 година,
10. Решение за назначување на одговорно лице за набавка на полиса за осигурување на работните простории и опремата во Секретаријатот за законодавство бр. 03-656/1 од 22.01.2015 година,
11. Барање за издавање на потврда за доставени документи бр. 03-456/1 од 15.01.2015 година,
12. Одговор по барање 03-456/1 од 15.01.2015 година,
13. Решение за формирање на комисија за попис бр. 03-8850/1 од 22.12.2014 година,
14. Барање до Бирото за судски вештачења за процена на вредноста на недвижниот имот број 03-570/1 од 20.01.2015 година,
15. Стратешки план за извршување на внатрешна ревизија за период од 2015 до 2017 година бр. 18-3829/2 од 28.11.2014 година,
16. План за извршување на внатрешна ревизија за 2015 година бр. 18-3829/2 од 28.11.2014 година и
17. Барање за вршење ревизија бр. 05-410/1 од 15.01.2015 година.

Изработил: Маријана Тодоровска